Известување за едукативно предавање во Приватна Општа Болница “Ремедика” - Скопје

Агенцијата за лекови и медицински средства како дел од своите континуирани активности во делот на фармаковигиланцата, на ден 16.01.2019 година одржа едукативно предавање во Приватна Општа Болница “Ремедика” - Скопје.

Целта на предавањето беше подигање на свеста за пријавување на несакани реакции од употребата на лековите и медицинските средства. Посебно беше нагласено дека ефикасноста и успехот на националната програма за следење на безбедноста на лековите, директно зависи од активното учество на здравствените работници во пријавувањето на суспектните несакани реакции.







